УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Ангажирање на експерти за спроведување на анализа за текстилниот отпад во контекст на зелената економија

Реф. Бр. EuropeAid/180645/DD/ACT/MK

1. За АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности

Здружението на граѓани „АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Македонија основана во 2001 година, со седиште во Скопје. Визијата на оваа организација е успешен демократски напредок на луѓето и заедниците. Целта на АГОРА е развој на демократското општество преку унапредување на локалните заедници и граѓанскиот сектор преземајќи активности за зајакнување на родовата еднаквост, добро управување и економскиот развој во Македонија и пошироко. Мисијата на здружението е јакнење на сите општествени чинители и промовирање процеси кои ќе доведат до развој на демократското општество. Здружението активно работи на:

- Промовирање на родовата еднаквост преку анализи, обуки, менторство, техничка поддршка, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување,
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во општините и институции и организации на други нивоа на власт,
- Поддршка на локалниот економски развој и младинското претприемништво преку соработка со деловниот сектор и обуки, вмрежувања и техничка помош.

Активностите на АГОРА ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис секторот, активни млади лица и медиумите.

2. За проектот „Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики“

Транзицијата кон циркуларна економија е клучна не само за економскиот раст, туку и за исполнување на целта на ЕУ за климатска неутралност до 2050 година. Таа придонесува кон ублажување на климатските промени и зачувување на здрави екосистеми.

Текстилната индустрија во Северна Македонија е водечка економска гранка со сериозно влијание врз животната средина, со годишно создавање на околу 7.000 тони отпад. Истовремено, таа нуди потенцијал за циркуларна економија преку повторна употреба и рециклажа. Новиот Закон за управување со посебни текови на отпад предвидува систем

за собирање и повторно користење на текстилниот отпад, со обврски за производителите, продавачите и општините.

Сепак, и покрај законската рамка, имплементацијата е слаба – недостигаат информираност, институционална подготвеност и подзаконски акти. Истражувањето планирано во рамки на Акцијата ќе обезбеди основа за решавање на проблемот со текстилниот отпад и ќе поттикне нови зелени бизниси.

Проектот се базира на консултации со граѓански организации, локални власти и бизниси и ги вклучува сите засегнати страни во процесот.

Со имплементација на овој проект ќе се обезбеди унапредување на политиките за животна средина, јакнење на граѓанското учество и промоција на одржливи практики во производството и потрошувачката.

Главна цел на проектот е да се поттикне преминот кон зелена и одржлива економија во Република Северна Македонија, усогласена со Европскиот зелен договор, преку заеднички напори на сите засегнати страни.

Целни групи на проектот се граѓанските организации, деловната заедница, единиците на локалната самоуправа и другите релевантни институции и граѓаните.

Специфични цели:

- Да се промовира меѓусекторски дијалог и соработка за циркуларна економија и управување со отпад,
- Да се зајакне граѓанското општество за застапување на политики,
- Да се подобри учеството на засегнатите страни во креирањето и спроведувањето на еколошки политики.

Очекувани резултати:

- Зајакнато учество на засегнатите страни во обликувањето и спроведувањето на еколошките политики и практиките на циркуларната економија.
- Зголемено влијание на граѓанското општество во промоцијата и заштитата на човековите права и процесот на пристапување кон ЕУ
- Подобрен квалитет на живот, поттикнат зелен раст и поефикасно користење на ресурсите преку одржливи модели на производство и потрошувачка.
- Намален отпад, намалено загадување и зголемена отпорност на градовите на климатските промени.

Клучни активности:

- Истражување и публикации,
- Градење на капацитетите на релевантните засегнати страни и поттикнување на размена на знаења и добри практики за намалување на еколошкото загадување.

- Мониторинг на спроведувањето на законоската регулатива и практиките за управување со отпад.
- Спроведување на сеопфатна информативна кампања за подигање на јавната свест.
- Застапување засновано на докази.
- Национална конференција за презентација на резултатите од застапувањето.

3. Општи информации за ангажманот

Во рамките на проектот се предвидува спроведување на сеопфатна студија за проценка на подготвеноста на Северна Македонија за транзиција кон зелена економија, со преглед состојбата со производство и рециклирање на отпад од гуми, стари возила, машинско масло и со посебен фокус на управувањето со текстилен отпад – сектор со сериозно еколошко влијание, но и со значителен потенцијал за ресурсна искористливост. Истражувањето ќе ги анализира законските, економските, социјалните и еколошките аспекти, вклучувајќи проценка на количини на отпад, родови димензии и добри практики од деловниот и институционалниот сектор.

Резултатите од Студијата ќе служат како основа за застапувачки активности, градење на јавни политики и информирање на јавноста и засегнатите страни. Од клучните наоди ќе се изработи документ за јавни политики што ќе се користи како алатка за застапување, како од самите имплементатори, така и од граѓанските организации и грантистите кои ќе работат на решенија засновани на препораките.

Ангажираниот тим експерти/организација ќе биде одговорен за спроведување на студијата и следните активности:

I. Разработка на методологија и план за работа:
   a. Дефинирање на обемот на истражувањето во согласност со целите на проектот.
   b. Развивање на методолошка рамка што ќе ги бараните аспекти на управување со текстилниот и другиот вид отпад.

II. Собирање и анализа на податоци:
   a. Равивање на алатки за прибирање податоци и информации
   b. Прибирање и обработка на податоците
   c. Идентификување на клучните сектори, предизвици и можности во системот за управување со отпад.
   d. Спроведување проценка на количини на текстилен отпад и мапирање на регионални обрасци на генерирање отпад.
   e. Документирање на добри практики од бизниси и институции.
   f. Истражување на родовите аспекти во секторот текстилен отпад.

III. Формулирање на заклучоци и препораки:
   a. Подготовка на извештајот со детална анализа и препораки за унапредување на управувањето со текстилен отпад.
   b. Идентификација на иновативни и одржливи решенија кои можат да се применат на локално и национално ниво.

IV. Изработка на документ за јавни политики:
   a. Извлекување на клучни наоди и препораки од студијата.
   b. Подготовка на документ за јавни политики за застапување, кој ќе биде употреблив од страна на проектниот тим, грантисти и други граѓански организации.

V. Координација со тимот на АГОРА.

4. Очекувани резултати

- Сеопфатен извештај за состојбата со отпадот во Северна Македонија, со посебен фокус на текстилниот отпад.
- Идентификувани најдобри практики (регионални, национални, локални) за рециклирање и повторна употреба.
- Препораки за подобрување на политиките и практиките во управувањето со текстилен отпад.
- Анализа на родовите аспекти во секторот за текстилен отпад**.**

5. Временска рамка

Ангажманот треба да се реализира во периодот август - октомври 2025.

6. Расположив буџет

Максималниот буџет на располагање за целиот ангажман е 7.600 евра.

7. Услови за ангажирање на тимот експерти/организација

За спроведување на анализата потребен се експерти кои ги исполнуваат следниве општи услови:

- Универзитетска диплома од областа на животната средина, економија, социјални науки или сродни области.
- Најмалку пет (5) години искуство во правење анализи, истражувања и документи за јавни политики и практики за управување со отпад.
- Докажано искуство во најмалку три (3) задачи во развивање на методологија и спроведување на истражувања и анализи во областа на животната средина, циркуларната економија, одржливиот развој, зелената економија.
- Познавање на националната законска рамка за отпад и концепти на зелена економија.
- Искуство со примена на родова анализа ќе се смета за предност.
- Одлични аналитички и пишувачки способности.
- Добри интерперсонални вештини, јасна комуникација и способност за воспоставување работни односи со институционалните чинители и граѓанското општество.

7. Начин на пријавување

Начинот на пријавување е детално опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.

Услов за учество на тендерот е заинтересираните правни или физички лица да ги исполнуваат општите услови споменати во точка 6.

Сите заинтересирани лица може да се пријават самостојно како тим или како дел од организација, при што неопходно е да ги исполнуваат сите услови наведени во точка 6. Неопходно е да се достават биографии од сите истражувачи кои ќе бидат вклучени во истражувањето.

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);
- Тековна состојба на добавувачот (доколку е правно лице), не постара од една година;
- Предлог методологија (формулар даден во прилог, анекс 2);
- Стручна биографија на експертите предложени за подготовка анализата со референци;
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 3);
- Потпишана изјава (доколку се работи за правно лице) дека нема правни пречки за реализација на активноста (документ во прилог, анекс 4).

Понудата се доставува Понудата се доставува во затворен коверт во архивата на АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности (ул.Аминта Трети бр.16-1/7, 1000 Скопје) или скенирана електронски на contact@agora.org.mk.

Понудата треба да се достави до 15.7.2025 година (вторник), до 17:00 часот.